ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 25-228/16**

**Дата: 11.03.2011**

**ДО**
**АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРОЕКТ ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА СОЗДАВАЊЕ ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Проект - Градење на капацитети за создавање економија базирана на знаење (во натамошниот текст: Проект) за 2009 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Не е вршена ревизија на финансиските извештаи за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

Ревизијата констатира дека при отворање и водење на сметката не е постапено согласно законската регулатива пропишана во Република Македонија, односно отворена е сметка во една од деловните банки, а не во рамките на Трезорската сметка, како посебна сметка во Трезорската главна книга, како што е пропишано со одредбите од член 40 од Законот за буџетите и член 16 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, според кои буџетските корисници водат сметководство и сметководствена евиденција поодделно за секој вид на приходи.
Исто така, констатирано е дека за проектот е воспоставено сметководствена евиденција согласно законската регулатива за непрофитни организации, а не според законската регулатива за буџети и буџетски корисници.

---

***Ревизорски тим***
*1.*____________________
*2.*____________________
*3.*____________________

***Овластен државен ревизор***
____________________________

Во текот на 2010 година извршено е мигрирањето на сметката на Проектот во рамките на Трезорската сметка, како посебна сметка во Трезорската главна книга.

На ревизијата не и беше презентиран договор на македонски јазик склучен помеѓу Агенцијата и Австриската агенција за развој (АДА), со што не може да се констатира кои се основните начела на проектот, во делот на финансирање, менаџирање и реализација на истиот.
При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин кој не обезбедува: целосно следење и евидентирање на финансиската документација, дефиниран систем за одобрување на трансакциите, јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените. Ова се должи на отсуство на пишани процедури за движење на финансиската документација, ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги.
За надминување на недостатоците во системот на интерни контроли дадени се препораки со цел да се донесат процедури за движењето на финансиската документација и ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги.
Изразено е мислење со резерва за вистинитото и објективното прикажување на финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во финансиските извештаи, додека за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики ревизијата не беше во можност да даде мислење.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на Проектот - Градење на капацитети за создавање економија базирана на знаење, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.
1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.
1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Проектот - Градење на капацитети за создавање економија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Вахида Реџепагиќ, директор и
- Игор Николоски, проект координатор

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Проектот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Ревизијата не обезбеди документи и акти потребни за дефинирање на начинот на функционирање на овој проект, органите на управување и начинот на менаџирање, контрола и реализација на истиот. Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13/12/2010 до 10/01/2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Агенцијата и на Проектот – предмет на ревизија.
Во законскиот период за поднесување на забелешки на Нацрт извештајот не се добиени забелешки од одговорното лице на Агенцијата.

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли функционираат на начин кој не обезбедува: целосно следење и евидентирање на финансиската документација, дефиниран систем за одобрување на трансакциите, јасно дефинирана организациона структура и соодветно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените.
Ова се должи на отсуство на пишани процедури за движење на финансиската документација, ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги и начинот на користење на службеното возило, како и

на фактот дека Агенцијата нема назначено лице за ликвидирање на документацијата, со цел да се потврди дека е извршена контрола на финансиските документи и дека износите во фактурите се идентични со склучените договори и соодветните понуди од спроведените јавни набавки.
Констатираните недостатоци во системот на интерни контроли претставуваат ризик од ненаменско, неекономично и незаконско користење на средствата на Агенцијата.

**Препорака:**
Одговорното лице да воспостави:
- пишани процедури за движењето на финансиската документација, ликвидирање на сметководствените документи за извршени набавки на стоки и услуги и начинот на користење на службеното возило;
- да изврши поделба на должностите во делот на одобрување, извршување и контрола на сметководствените исправи.

**3.2. Усогласеност со закони и прописи**

3.2.1. На ревизијата не беа и доставени на увид следните документи :
- Финансиски план за 2009 година ;
- Договор на македонски јазик склучен помеѓу Агенцијата и Австриската агенција за развој (АДА), со што не може да се констатира кои се основните начела на проектот, во делот на финансирање, менаџирање и реализација на истиот.

Во отсуство на наведената потребна документација ревизијата не обезбеди докази за начинот на функционирањето на овој Проект, органите на управување и начинот на менаџирање, контрола и реализација на истиот.

3.2.2. Врз основа на договор склучен помеѓу Агенцијата и Австриската агенција за развој АДА (во понатамошниот текст: Донатор), за реализација на проектот - Градење на капацитети за создавање економија базирана на знаење, донаторот одобрил средства во износ од 518.295 Евра за извршување на активностите. Првата рата во износ од 258.295 Евра е пристигната неколку дена по потпишување на договорот на девизната сметка на Агенцијата која се води во деловна банка.
Согласно член 39 став 2 и 3 од Законот за буџетите, за девизните средства од донаторите буџетските корисници и единките корисници отвораат девизна сметка во Народна банка на Република Македонија по претходна согласност од Министерството за финансии. Конверзијата на девизните средства во денарски е извршена на сметката за Проектот отворена во деловна банка, а не на сметка во Трезорската главна книга, како што е пропишано со одредбите од член 40 од Законот за буџетите.

Според член 40 од Законот за буџетите, носителите на платен промет не смеат да отвораат сметки или да прифатат депонирање на средства од буџетски корисници или единки корисници.

Со увид во сметководствената евиденција ревизијата констатира дека истата е воспоставена согласно законската регулатива за непрофитните организации, а не за буџети и буџетските корисници, согласно одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Во текот на 2010 година извршено е мигрирањето на сметката на проектот во рамките на Трезорската сметка, како посебна сметка во Трезорската главна книга.

**3.3. Финансиски извештаи**

3.3.1. Исплатени се средства како награди во износ од 432 илјади денари на четири субјекти по основ на склучени договори за подготовка на бизнис планови како активност во рамките на Проектот. Услугите кои ги обезбедува давателот на наградите се содржани во реализација на активноста – Имплементација на обука за претприемништво и менаџирање со мали бизниси и натпревар за најдобар бизнис план. Наградите се дадени за одредена намена на добитникот на наградата (набавка, транспорт и монтажа на опрема, набавка на репроматеријали, промотивни материјали, консултантски и сметководствени услуги).

Со ревизијата е констатирано:

- Договорите не предвидуваат рок на исплата на средствата за добиени награди а исплатени се истиот ден кога се потпишани договорите;
- Не е презентиран акт за утврдени критериуми за доделување на награди;
- Во прилог на налозите за книжење и изводите од деловната банка не се приложени копија од фактури од добавувачот како доказ на кој начин се реализирани средствата од наградите согласно член 5 од договорите. Ревизијата ја побара на увид документацијата, но до денот на ревизијата истата не е добиена.

Врз основа на констатираните недостатоци во делот на начинот на авансното плаќање на договорените обврски, без утврдени критериуми и без соодветно приложена документација, ревизијата не обезбеди доказ за наменското користење на средствата.

**Препорака:**

Одговорните лица да преземаат мерки:

- Да се изготви акт за утврдување на критериуми за доделува на награди;
- Да се обезбеди целосна документација за доделените награди;

- Да се обезбеди копија на фактурите од добавувачите на добитниците на наградите.

3.3.2. Проектот за извршување на своите надлежности предвидени со договорот склучен помеѓу Агенцијата и Австриска развојна соработка (АДА), има ангажирано шест лица по договор преку Агенција за заштита и остварување на авторски и сродни права, во период јули - декември 2009 година и за истите се исплатени средства во вкупен износ од 1,668 илјади денари.
За овие исплати ревизијата не обезбеди акт за начинот и критериуми за избор на извршителите по основ на авторски договор и утврдување на критериумите за исплата на надоместоците по основ на авторски договор.
Отсуството на акт за начинот и критериумите за избор и исплата на надоместокот на извршителите по основ на авторски договор, може да доведе до субјективизам при изборот на кандидатите извршители на авторски договори и неправилно утврдување на нивниот надоместок.

**Препорака:**
Одговорните лица да утврдат критериуми како основен услов за пресметување и исплата на надоместоци на ангажираните лице по авторски договор и да донесат акт за начинот на избор и критериумите за исплата на надоместоците.

**Ревизорско мислење**

Според наше мислење освен прашањата изнесени во точката 3.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Р.М. - Проект Градење на капацитети за создавање економија базирана на знаење на ден 31.12.2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум , во согласност со важечката законска регулатива.

Поради ограничувањата на делокругот објаснето во точката 3.2. погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Проектот, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Скопје, 07/03/2011 година

## АГЕНЦИЈА ЗА ПОДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Проект Градење на капацитети за создавање економија базирана на знаење**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 26 | |
| Приходи од донации | 15,895 | |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходна година | 34 | |
| **Вкупно приходи** | **15,955** | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Материјални расходи и услуги | 1,762 | |
| Други расходи | 1,949 | |
| Капитални и други средства | 30 | |
| Вонредни расходи/судска пресуда | | |
| Помошти, донации и други давачки | 431 | |
| **Вкупно тековни расходи** | **4,172** | |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **4,172** | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **11,783** | |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **11,783** | |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

**Проект Градење на капацитети за создавање економија базирана на знаење**

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки** | | |
| Парични средства | 11,783 | |
| **Вкупно парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки** | **11,783** | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 22 | |
| **Вкупно постојани средства** | **22** | |
| | | |
| **Вкупна актива** | **11,805** | |
| **Пасива** | | |
| **Пасивни временски разграничувања** | | |
| Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | 11,783 | |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | **11,783** | |
| **Извори на деловни средства** | | |
| Деловен фонд | 22 | |
| **Вкупно пасивни временски разграничувања** | **22** | |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **11,805** | |